Врз основа на Болоњската декларација, Салцбуршките принципи, а според член 94 став 22 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82/2018) и според член 31 став 20 и член 65 од Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа, Сенатот на Универзитетот на седницата одржана на 25.02.2020 година го усвои следниов:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТРЕТИОТ ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СТУДИИ – ДОКТОРСКИ СТУДИИ

**Член 1**

Член 16, став 2, се менува како што следи:

„Менторот не може да има повеќе од тројца (3) кандидати/докторанди истовремено, сметано од моментот на одобрување на темата на трудот и на името на менторот од наставно-научниот совет на факултетот, до поднесувањето на крајниот извештај од менторот до наставно-научниот совет на факултетот.“

**Член 2**

Член 21, став 1, се менува како што следи:

„Студентот треба да ги исполни следниве основи критериуми за упис на докторските студии:

1. Да има завршено прв и втор циклус на студии.
2. Да има акумулирани 300 ЕКТС- кредити од двата циклуса на студии.
3. Да има активно познавање на англискиот јазик.
4. Да исполнува други критериуми наведени во Законот за високото образование, Статутот ан Универзитетот и Правилникот за запишување студенти и во Конкурсот за запишување студенти.“

**Член 3**

Член 29, став 1, се менува како што следи:

„Студентот кој завршил со предавањата од прва година и има останато максимум два испити предвидени со студиската програма може да достави предлог-тема за докторскиот труд до наставно-научниот совет. Ова вклучува една страница текст со опис на предлогот за истражување и пауер поинт презентација.“

**Член 4**

Секретаријатот на Универзитетот е овластен да подготви пречистен текст од Правилникот за третиот циклус на студии- докторски студии.

**Член 5**

Овој Правилник стапува во сила од денот на усвојувањето.